ЕДУКАТА

бул. Киро Глигоров бр. 2, кат 2
Премиум Бизнис Центар
foundation.educata@gmail.com

**ФОНДАЦИЈАТА ЕДУКАТА ГИ ИЗБРА ПРВИТЕ 12 СТИПЕНДИИ**

**Видеолотарија Касинос Австрија преку фондацијата за образовна и хуманитарна општествена дејност ЕДУКАТА, ќе стипендира дванаесет студенти на четири факултети при УКИМ.**

Видеолотарија Касинос Австрија како општествено одговорна компанија, преку фондацијата Едука обезбеди стипендии за дванаесет студенти на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" (УКИМ) во Скопје. По извршената евалуација согласно конкурсот за стипендирање 2022/23 објавен на 01.11.2022 година, избрани се следните кандидати:

- **Правен факултет:**

1. А. М. - правни студии
2. Д. С. - правни студии
3. Т. Г. - политички студии

- **Машински факултет:**

1. М. А. - мехатроника
2. С. Т. - ИИМ
3. З. Д. - ИИМ

- **Природно математички факултет:**

1. М. А. - наставна математика
2. С. А. - нутриционизам
3. Х. М. – теориска математика

- **ФИНКИ:**

1. М. Т. - ПИТ
2. И. Т. - СИИС
3. А. Р. -компјутерски науки

Директорот на фондацијата Едуката, Оливер Арсовски најави дека фондацијата ќе го следи целокупниот факултетски развој на избраните студенти, сè до нивното завршување, доколку бидат исполнети критериумите за добивање стипендија. Секој избран студент ќе добие стипендија во нето месечен износ од 18.000 денари за десет месеци во текот на студиската година.

„Сите стипендисти имаат инспиративни резултати, што за нас е дополнителен мотив да продолжиме со поддршката на нивниот индивидуален и научен развој, а со тоа и да придонесеме во создавањето висококвалитетни кадри кои ќе понудат нови можности за развој на заедницата", додаваат од Видеолотарија Касинос Австрија.

Нашата визија е да започнеме со студентите на факултетите при УКИМ во Скопје кои ќе ги следиме до крај на нивното студирање, доколку продолжат да ги исполнуваат поставените критериуми. Веќе од почетокот на следната

година, ќе бидат вклучени и останатите државни универзитети во Штип- Гоце Делчев, Битола- Св. Климент Охридски и Тетово- Државен Универзитет Тетово.

Фондацијата Едуката фокусот го става на надарените лица-ученици и студенти кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, кои немаат финансиски можности, а имаат амбиција за образување. Нашата цел е овие млади луѓе да добијат еднакви можности за стекнување знаење и вештини, со што ќе се овозможи во иднина тие да бидат носители на развојот на општеството.